РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И ТЕХНОЛОГИИ
"СВЕТИ АПОСТОЛ ПАВЛЕ" ОХРИД
Бр. 09-111/3
15.02 2019 год.
ОХРИД

# УНИВЕРЗИТЕТОТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И ТЕХНОЛОГИИ (УИНТ) „СВЕТИ АПОСТОЛ ПАВЛЕ" ОХРИД

објавува

продолжување на

## КОНКУРС

## ВО РАМКИ НА ПРОГРАМАТА ЕРАЗМУС+

## АКЦИЈА 1: ИНДИВИДУАЛНА МОБИЛНОСТ ЗА СТУДЕНТИ

за академската 2019/2020 година

Во рамките на програмата ЕРАЗМУС+ на Европската комисија, Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле" Охрид, распишува Конкурс за доделување на 20 стипендии за студенти за студиски престој на високообразовните институции од земјите со кои Универзитетот има потпишано договори за меѓу-институционална соработка. и доделување на 5 стипендии за обука/стажирање во компании. Листата на универзитети со кои УИНТ има потпишано договори за меѓу-институционална соработка можете да ја видите на следниов линк, или на веб страната на УИНТ во делот на ЕРАСМУС +.

На конкурсот за студиски престој на високообразовните институции можат да се пријават студенти на Универзитетот со македонско државјанство кои во моментот на реализирање на мобилноста се запишани најмалку во втора година на студии, додека во делот за реализација на обука/стажирање во компании, може да се пријават сите студенти на Универзитетот со македонско државјанство.

Мобилноста за студенти е во времетраење од еден семестар за студиски престој на високообразовна институција, односно во период од 2-5 месеци за обука/стажирање во компанија. Студентите кои за прв пат аплицираат ќе имаат предност при доделувањето на стипендии. Студентите кои биле избрани, а подоцна се откажале од реализација на мобилноста ќе бидат рангирани зад останатите студентите при повторно аплицирање. За оправданоста на причините за откажувањето ќе одлучува комисија по претходно поднесена молба. Студентите кои заминале на мобилност, а положиле помалку од 25% од испитите го губат правото повторно да аплицираат за стипендија во рамките на истиот студиски циклус.

Конкурсот за студенти е отворен до **11 март 2019**. Заинтересираните апликанти треба да ги поднесат своите апликации во коверт во библиотеката на Универзитетот, секој работен ден од 8 до 16 часот, на ковертот треба да го наведат сопственото име и да назначат дека се работи за поднесување на апликација за учество во програмата Еразмус+.

**Апликациите за учество на студенти задолжително треба да содржат:**

- Мотивациско писмо напишано на англиски јазик во кое апликантот треба да напише зошто аплицира за користење на индивидуална мобилност и кои се неговите очекувања;

- Листа со називи и добиени оцени на шест предмети за кои студентот добил највисоки оценки во досегашниот тек од студиите;

Доколку апликантот конкурира за студиски престој на високообразовна институција да наведе во рамките на која високообразовна институција (со кои Универзитетот има потпишано договори за меѓу-институционална соработка), би сакал да ја реализира мобилноста. Листата на универзитети со кои УИНТ има потпишано договори за меѓу-институционална соработка можете да ја видите на следниов линк или на веб страната на УИНТ во делот на ЕРАСМУС +.

**Покрај задолжителните содржини ги охрабруваме апликантите кон апликацијата да ги доставаат и следниве документи:**

- Диплома за познавање на англиски јазик или доказ за познавање на јазикот на кој би се реализира наставата на соодветната високообразовна институција, односно обуката/стажирањето;
- Други дипломи или награди стекнати во текот на студиите (ако има такви);
- Една писмена препорака од професор или асистент од Универзитетот „Св. Апостол Павле".

Поднесените апликации ќе ги оцени комисија, согласно постигнатиот успех и останатите елементи од апликацијата, по што ќе биде изготвена ранг листа, а највисоко рангираните ќе имаат предност при изборот на високообразовната институција каде ќе аплицираат за реализација на мобилноста.

За повеќе информации посетете ја ЕРАЗМУС+ секцијата на веб страната на УИСТ, особено во делот кој се однесува на студенти кои заминуваат на мобилност (Outgoing students).

Доколку имате било какви дополнителни прашања, обратете се кај Олгица Апостолова - контакт лице за ЕРАЗМУС+ програмата, преку електронска пошта на следнава адреса: olgica.apostolova@uist.edu.mk.